ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 12-78/5**

**Дата: 02.03.2010**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Кичево за 2008 година, кои се прикажани на страните 7 и 8.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Кичево за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Кичево за 2005 година. За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи дадено е мислење со резерва, а за наменското и законското користење на средствата дадено е негативно мислење.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапуван од :

- Владимир Толески, градоначалник во 2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 6 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 14.10 до 06.11.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Систем на интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината**

10.1.1. При оценка на системот на интерни контроли, кај процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината, утврдивме постоење на ризик од не комплетно и не навремено утврдување и наплата на приходите кои се однесуваат на данокот на имот и комуналната такса за фирма.
Причината за овие ризици произлегува од отсуство на јасно дефинирани и разграничени контролни постапки, немање пишани процедури, сегрегација на надлежностите и не назначени раководители на соодветните одделенија.
Невоспоставените интерни контроли придонесуваат за постоење ризик од помалку остварени приходи и намалени можности за остварување на функциите на општината.

**Препорака:**
Градоначалникот да донесе пишани процедури во кои јасно ќе бидат утврдени надлежностите и одговорностите на вработените во процесот на утврдување и наплата на приходите за кои е надлежна општината како и да назначи лице раководител на одделението за даноци и такси.

**10.2. Неправилна примена на акти**

10.2.1. Согласно Законот за даноците на имот, администрацијата на Општина Кичево не извршила усогласување на состојбите на регистарот на недвижности со состојбите од Регистарот кој го води Агенцијата за премер и катастар на недвижности, како и податоците од состојбата на регистарот не ги доставила до 31 декември до Централниот регистар на Република Македонија и Управата за јавни приходи.

Решенијата за данок на имот за 2008 година не се изготвени и доставени на даночните обврзници до крајот на месец март 2008 година, туку истите се изготвени во месец ноември 2008 година, а доставата до даночните обврзници е вршена во месец февруари 2009 година.

10.2.2. Не е извршено усогласување на регистарот на обврзници за комунална такса за фирма за 2008 година со податоците од Централниот регистар на Република Македонија и Управата за јавни приходи.
Решенијата за комунална такса за фирма за 2008 година не се изготвени и доставени на даночните обврзници на почетокот 2008 година, туку истите се изготвени во месец октомври 2008 година.

До обврзниците кои навремено не извршиле плаќање не се доставени опомени и не се преземени другите законски мерки за присилна наплата.

Неусогласените регистри и не навреме утврдените даночни обврски влијаат на целосноста на податоците во врска со даночните обврзници и на помалку наплатени приходи во корист на општината.

**Препорака:**
Даночното одделение на Општина Кичево:

- да врши редовно усогласување на базата на податоци за обврзниците на данок на имот со податоците од Агенцијата за катастар на недвижности;
- решенијата да ги изготвува согласно роковите утврдени со Законот за даноците на имот и Законот за комуналните такси;
- да врши усогласување на базата на податоци за обврзниците на комунална такса за фирма со податоците од Централниот регистар на Република Македонија, и
- секоја година, а најдоцна до 31 декември во годината, податоците од состојбата од регистарот да ги доставува до Централниот регистар на Република Македонија и Управата за јавни приходи.

10.2.3. Со спроведениот попис на побарувањата, не е утврдена правната основа за постоење на побарувањата, старосната структура на побарувањата и дали и какви мерки се преземени од одговорните лица за наплата на побарувањата. Не целосното спроведување на пописот на побарувањата е резултат на немање акт за спроведување на пописот и не постапување согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Ваквиот начин на постапување придонесува за неутврдени состојби на побарувањата со пописот како и до нереално прикажување на побарувањата и до нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Пописот на побарувањата да биде во функција на утврдување на нивната правна основа и старосна структура со цел навремено преземање мерки од страна на службите за нивна наплата.

10.2.4. Градоначалникот на Општина Кичево во 2008 година склучил договор за закуп на деловен простор кој се наоѓа во административната зграда на општината, без да спроведе постапка со јавно наддавање, што е спротивно на Законот за локална самоуправа.
Неспроведувањето на постапка за јавно наддавање при издавање под закуп на имот на општината придонесува за субјективност при изборот на закупопримачот, можност за фаворизирање на одредена фирма и можност за остварување на нереални приходи.

**Препорака:**
Советот на општината на предлог на градоначалникот, да донесе акт за регулирање на издавањето под закуп на општинскиот имот.

10.2.5. Спротивно на Упатството за начинот на трезорско работење, наплатата на надоместок за уредување на градежно земјиште се врши на посебна депозитна сметка, а не на редовната сметка на Буџетот на општината. Причина за тоа е избегнување на блокадата на сметката на Буџетот на општината и можност за одложување на плаќањата по судските извршни решенија.
На оваа сметка во 2008 година се остварени приходи во износ од 17.025 илјади денари од кои пренесено салдо од 2007 година во износ од 16.246 илјади денари и наплата во 2008 година од 779 илјади денари. Од овие средства на сметката на буџетот биле пренесени, трансферирани средства во износ од 16.935 илјади денари по што останало салдо на неискористени средства на 31.12.2008 година од 90 илјади денари.
Ова придонесува во секој момент на сметката на буџетот да се нема реална слика за изворните приходи.

**10.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.3.1. Општина Кичево со Буџетот за 2008 година има планирано приходи и расходи во износ од 142.018 илјади денари. Во 2008 година се реализирани приходи во износ од 97.530 илјади денари, расходи 97.110 илјади денари и е остварен вишок на приходи во износ од 420 илјади денари. Приходите се остварени со 69% во однос на планираниот износ, а расходите со 68%.
Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остваруваат како што е планирано во буџетот на општината, градоначалникот му предлага на советот измени и дополнувања на буџетот (ребаланс) во годината, во согласност со закон, а согласно Законот за буџетите доколку во текот на извршувањето на буџетот градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот предлага на советот на општината изменување и дополнување на буџетот.
Во текот на 2008 година извршени се три ребаланси на буџетот но и покрај тоа истиот на крајот на годината не е остварен во износите утврдени со ребалансите во претходно наведените износи.
Неусогласеноста на остварените со планираните буџетски приходи и расходи создава можност од преземање на обврски за кои реално не се обезбедени средства во буџетот и нивно пренесување во наредната фискална година.

**Препорака:**
Градоначалникот, согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и Законот за буџетите, доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остваруваат како што е планирано во буџетот на општината односно доколку реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот да предложи на советот на општината изменување и дополнување на буџетот.

10.3.2. За 2008 година и приходите и расходите на сметката на Буџетот на Општина Кичево се искажани во помал износ од 13.602 илјади денари, поради извршени плаќања на обврските спрема дел од добавувачите со договори за цесии и компензации, кои не се спроведени преку трезорскиот систем и сметките на општината, што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.
Бидејќи во 2008 година сметката на Општина Кичево била постојано блокирана согласно Законот за платниот промет, општината не требала да врши плаќање со пресметка – цесии и компензации.

**Препорака:**
При состојба на блокирана сметка градоначалникот на општината, согласно Законот за платниот промет, да не дозволува плаќање со пресметка - цесии и компензации.

**10.4. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

10.4.1. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година на општина Кичево беше утврдено дека општината спротивно на законските прописи има дадено позајмица на првен субјект. Бидејќи надлежните во општината до денот на ревизијата немаат постапено по препораките и немаат преземено мерки за наплата на дадената позајмица, состојбата на позицијата Побарувања за кредити и позајмици искажана во Билансот на состојба и на 31.12.2008 година изнесува 996 илјади денари.
Согласно известувањата од ревизијата, преземени се мерки од другите надлежни органи и по наредба на Основниот суд Гостивар, Бирото за судски вештачења при Министерството за правда води постапка за вештачење.

10.4.2. На позицијата побарувања евидентирани се побарувања по основ на станарина за лица со статус на социјални случаи кои користат бараки во с. Крушино, во износ од 380 илјади денари кои потекнуваат за период од 1996 до 2001 година. И покрај препораките и укажувањата на ревизијата при ревизија на финансиските извештаи за 2005 година, Општината нема преземено мерки за наплата на овие побарувања поради тоа што се работи за социјална категорија на граѓани. Согласно Законот за облигациони односи овие побарувања се застарени и не преземањето мерки за расчистување на истите, придонесува за нереално прикажани побарувања и нереални позиции кај Билансот на состојба.

**Препорака:**
Советот на Општина Кичево да донесе Одлука со која ќе се утврдат мерки за расчистување на состојбата на побарувањата по основ на закупнини.

11. Ефектите од прифатените и спроведени корекции од страна на субјектот во текот на ревизијата се корекција на состојбата на поодделни сметки и тоа:

- зголемување на состојбата на сметката Побарувања за износ од 17.015 илјади денари со истовремено зголемување за истиот износ на состојбата на сметката Пасивни временски разграничувања поради неевидентирани и ненаплатени побарувања по основ на данок на имот за износ од 7.743 илјади денари и комунална такса за истакната фирма во износ од 9.272 илјади денари за 2008 година;
- зголемување на состојбата на сметката Други побарувања за износ од 100 илјади денари со истовремено зголемување на состојбата на сметката Пасивни временски разграничувања за истиот износ, поради не евидентирано плаќање во поголем износ на обврски спрема добавувачот „ К - Унион„ Кичево.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.2., 10.3.2. и 10.4. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на Општина Кичево на ден 31 декември 2008 година, и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Мислењето за наменското и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи е изразено во Извештајот за извршената ревизија на Органот на Општина Кичево.

14. Во врска со препораките по наодите од ревизорскиот извештај за 2005 година, за сметката на Буџетот на Општина Кичево, од страна на надлежните од Општина Кичево делумно е постапено согласно важечката законска регулатива и во работењето за 2008 година не се јавуваат наоди кои се констатирани во претходно споменатиот извештај, а се однесуваат на давање попусти за плаќање на надоместокот за уредување на градежното земјиште во готово, воведена е евиденција за побарувањата по основ на данок на имот и комунална такса за истакната фирма. Што се однесува до другите наоди од ревизијата од 2005 година не се преземени мерки за надминување на состојбите.

**15. Обелоденување**

15.1. Општина Кичево е тужена странка од дванаесет субјекти од кои шест физички лица за експропријација на земјиште и надомест за штета во износ од 39.139 илјади денари, пет физички лица за надомест на штета без утврден износ и едно правно лице за извршени услуги во износ од 331 илјада денари.
Општина Кичево е тужител во осум судски спора и тоа со шест физички лица во износ од 440 илјади денари по основ побарување за надоместок за уредување на градежно земјиште и со две правни лица за износ 1.453 илјади денари по основ на неосновано збогатување.
Конечна разврска по ова прашање засега не може да се утврди ниту пак е изразена резерва по овој основ за евентуални ефекти врз финансиските извештаи на Општина Кичево за годината која завршува со 31 декември 2008 година.

Скопје 24.02.2010 година — Овластен државен ревизор

**Буџет на Општина Кичево**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 66.659 | 34.271 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 3.046 | 3.425 |
| Капитални приходи | 3.3. | 1.060 | 677 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 26.765 | 19.013 |
| **Вкупно приходи** | | **97.530** | **57.386** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 26.413 | 21.004 |
| Стоки и услуги | 3.5.2. | 17.254 | 13.736 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.3. | 16.265 | 5.523 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **59.932** | **40.263** |
| **Капитални расходи** | 3.6. | **37.178** | **7.478** |
| **Вкупно расходи** | | **97.110** | **47.741** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **420** | **9.645** |

**Буџет на Општина Кичево**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 420 | 9.645 |
| Побарувања | 4.1.2. | 38.026 | 5.755 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите | 4.1.3. | 939 | 939 |
| **Вкупно тековни средства** | | **39.385** | **16.339** |
| **Вкупна актива** | | **39.385** | **16.339** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 39.385 | 16.339 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **39.385** | **16.339** |
| **Вкупна пасива** | | **39.385** | **16.339** |